Прашања поставени од страна на акционерите на седницата на Собранието на Македонски Телеком (Друштвото) одржана на 30.12.2011 година и одговори дадени на тие прашања

Прашање: По точката 3 од Дневниот ред – Разно, г-дин Симо Груевски, малцински акционер, постави прашање
во врска со состојбата на сопствените акции, коишто трета година по ред се неактивни и не учествуваат во гласањето и добивката, имајќи предвид дека држењето на неактивни сопствени акции е неразумно, поради што, во согласност со законите, би требало да се промени сопственоста на истите.

Одговор:

Сегашниот број на сопствени акции е 10% од вкупниот број на акции издадени од страна на Македонски Телеком (МКТ). Врз основа на член 333 од Законот за трговски друштва (ЗТД), МКТ може да држи сопствени акции во износ до 10% од вкупниот акционерски капитал за неограничен период.

Врз основа на член 338 од ЗТД, сите права поврзани со сопствените акции мируваат, вклучувајќи го и правото на глас и правото на дивиденда. Во пракса, ова значи дека правата на глас (една акција е еднаква на еден глас) поврзани со сопствените акции пропорционално ги зголемуваат правата на глас на сите други акционери на Македонски Телеком, а истото се однесува и на правото на дивиденда коешто резултира со повисока дивиденда по акција, што претставува придобивка за сите акционери.

Преведено од Лингва Експерт